До
Советот за квалитет на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# Годишен извештај за реализација на Акцискиот план

## за учебната 2024/2025 година

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Седиште | Загрепска 29, Скопје |
| Контакт-информации | +389(0)2 3092 -872 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт-информации) | проф. д-р Дејан Борисов, декан<br>e-mail: **dekan@pbf.edu.mk** |
| Членови на Советот за квалитет на единицата | проф. д-р Дарко Анев<br>проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски<br>м-р Билјана Петковска<br>Дарио Божиновски<br>Стефан Илиевски |
| Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план | 2024/2025 учебна година |
| Датум на доставување на Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план | 27.08.2025 |
| Датум на усвојување на Годишниот извештај од страна на Наставно-научниот совет на единицата | 27.08.2025 |
| Извештајот за реализација на Годишниот акциски план | ☒ Се доставува првпат.<br>☐ Се доставува вторпат, со коригирани технички забелешки.<br>☐ Се доставува вторпат, по завршена доработка. |

Место, датум　　　　　　МП　　　　　　проф. д-р Дејан Борисов, декан
Овластено лице на установата
(потпис)

Скопје, 27.08.2024

____________________________

| ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА МЕРКИТЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕЈНОСТА[1] | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Вредност Г1** | **Проектирана вредност Г2** | **Остварена вредност Г2** | **Резултат** (остварен, делумно остварен, не е остварен) | **Образложение** |
| М1<br>Осовременување на студиските програми преку вклучување на наставниот кадар во процесите на нивното осмислување | 50 | +10% | +10% | Остварен | Документите за акредитација се изготвуваат во целосна согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги содржат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија, бр. 25/11), како и со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.<br>Процесот на изработка и одобрување на студиските програми за сите три циклуси претставува суштински сегмент во унапредувањето на образовниот процес на факултетот. Ваквиот пристап обезбедува постојано усогласување на наставните содржини со современите научно-образовни текови и примената на најновите педагошки методи. Целта е да се обезбеди висококвалитетна подготовка на студентите, кои по завршувањето на студиите ќе бидат целосно оспособени да одговорат на актуелните и идните потреби на Црквата и општеството.<br>Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за квалитет во високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.<br>Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на |

[1] Се наведуваат сите мерки предвидени во Годишниот акциски план на единицата.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.<br><br>Предметните програми на Православниот богословски факултет – Скопје се систематски дизајнирани за целосно исполнување на целите на студиските програми. Кај сите задолжителни и изборни предмети, јасно се наведени целите на програмата, компетенциите кои студентите ги стекнуваат по завршувањето, содржината на наставниот материјал, методите на учење и наставните стратегии, критериумите и начините на оценување, како и методите за следење и подобрување на квалитетот на наставата. Секоја предметна програма вклучува детално наведена основна и дополнителна литература, што обезбедува академска цврстина и поддршка на студискиот процес.<br><br>Наставно-научниот кадар постојано го следи развојот на современата научна мисла и теолошка литература, ја интегрира во наставата и се ангажира за постојано усовршување на образовниот процес. Професорите се достапни за редовни консултации со студентите, што придонесува за индивидуална поддршка и квалитетна интеракција. Оваа посветеност се рефлектира и во високите оценки добиени на студентските анкети.<br><br>Редовните студентски анкети, кои се спроведуваат секој семестар, овозможуваат оценување на квалитетот на наставата и собирање на предлози за подобрување на студиските програми. Преку овој механизам, студентите активно придонесуваат кон создавање здрава, мотивирачка и ефикасна академска средина која поттикнува критичко размислување, аналитички пристап и подлабоко разбирање на теолошките содржини.<br><br>Наставата е добро организирана, со систем на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | континуирано оценување на знаењето и активно вклучување на студентите во наставниот процес. Студиските програми на сите три циклуси се современи, академски релевантни и компатибилни со програмите на реномирани светски универзитети. Дополнително, факултетот развива активна издавачка дејност, со што придонесува за збогатување на теолошката литература и ширење на научната мисла. |
| М2<br>Зајакнување на потенцијалот на наставниот кадар преку поддршка на неговото стручно усовршување и стекнување способности и вештини во спроведување на современи наставни методи и активности | 50 | +10% | +10% | Остварен | Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје располага со јасно дефинирана и функционална постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставно-научниот кадар. Обезбедени се современа информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази и ресурси од областа на студиските програми, како и соодветни просторни услови неопходни за квалитетно извршување на наставно-научната дејност.<br>Кадарот е составен од високо квалификувани теоретски и методолошки обучени наставници и истражувачи, кои своето образование и стручна подготовка ги стекнале на престижни европски универзитети и институти. Нивната академска компетентност опфаќа како солидна теоретска подготвеност за реализација на наставниот процес, така и практична способност за конципирање и спроведување научни истражувања и проекти.<br>Во периодот 2019–2024 година, наставно-научниот кадар на Факултетот бележи значителен подем во научноистражувачката активност, што се манифестира преку зголемен број на објавени научни трудови, активно учество во национални и меѓународни проекти и добивање високи оценки во студентските анкети. Дури и во учебната 2020/2021 година, кога поради пензионирање на неколкумина редовни професори дел од кадарот беше преоптоварен со часови, наставниот процес се одвиваше беспрекорно и не претрпе пад во квалитетот. Со пополнувањето на кадарот до учебната 2023/2024 година, постигнати се уште подобри наставно-научни резултати.<br>Факултетот систематски ги собира и анализира податоците релевантни за наставно-научната дејност, а тие информации се разгледуваат на седници на Наставно-научниот совет со цел донесување информирани одлуки и мерки за континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | подобрување на квалитетот на наставата. Во насока на транспарентност, Факултетот редовно објавува точни, објективни и ажурирани информации за своите активности преку официјалната веб-страница, YouTube каналот и социјалните мрежи.<br>Континуираното следење на наставниот процес овозможува навремено идентификување на слабостите и нивно надминување преку соодветни адаптации. На крајот на секој семестар се спроведуваат анонимни студентски анкети, кои обезбедуваат повратни информации за квалитетот на наставата, како и предлози за унапредување. Основната цел на процесот на самоевалуација е сеопфатна проценка на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес.<br>Меѓународната соработка на Факултетот бележи континуиран раст, што овозможува осовременување на теолошкиот светоглед и методолошката рамка што се применува во наставно-научната работа, со што се потврдува неговата заложба за академска извонредност и интернационална отвореност. |
| М3<br>Подобрување на уловите за работа преку инвестиции за осовременување на просториите, опремата и примена на нови дигитални технологии во изведување на наставата | 50 | +10% | +10% | Остварен | Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје обезбеди современи услови за изведување на наставно-образовниот процес, следејќи ги стандардите за квалитетна високообразовна дејност. Предавалните се опремени со модерна аудио-визуелна технологија, вклучувајќи пет ЛЦД проектори, што овозможува ефикасна и интерактивна настава. Дополнително, Факултетот располага со пет скенери, десет печатачи и еден фотокопир, кои се ставени на располагање за поддршка на наставниот процес, административните активности и научноистражувачката работа.<br><br>Во рамки на библиотечното работење, Факултетот успешно ја имплементираше COBIS платформата за електронско водење, ажурирање и прегледност на библиотечната литература. Овој систем овозможува интегрирано управување со библиотечните фондови, лесна и брза проверка на достапноста на литературата, како и ефикасно обезбедување на релевантни академски ресурси за студентите и наставно-научниот кадар.<br>Со оваа инфраструктура и модернизација на техничките и библиотечните капацитети, Факултетот создава |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | оптимални услови за унапредување на квалитетот на наставата, истражувањето и академската соработка. |
| М4<br>Зголемување на фондот на книги со кои располага факултетската библиотека | 50 | +10% | +10% | Остварен | Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје располага со богат и постојано растечки библиотечен фонд, кој во моментов брои над 70.000 библиотечни единици стручна и современа литература. Библиотеката претставува значаен академски ресурс со простор наменет за учење, истражување и академска работа, а во тек е формирањето на нова читална со поголем капацитет, која ќе ги задоволи потребите на студентите и наставно-научниот кадар.<br><br>Фондот е збогатен со најнови изданија на теолошка литература од престижни богословски и академски институции, меѓу кои Берлинската академија, Библискиот институт од Штутгарт, Теолошкиот факултет од Јена, Теолошкиот факултет од Франкфурт и Теолошкиот факултет од Солун. Особено вреден придонес даваат реномирани професори, кои преку донација на своите лични библиотеки значително го збогатија фондот.<br><br>Секоја година, библиотечниот капацитет се проширува и со набавка на нови наслови, врз основа на листи со препорачана литература предложени од страна на професорите, со што се обезбедува континуирано следење на најновите научни и теолошки достигнувања (вкупно од 2023 Октомври до 2025 Мај – 422 нови Книги, од кој најголемиот дел се стручна теолошка литература). На овој начин, библиотеката не само што претставува центар за пристап до информации, туку и активен мост за меѓународна соработка со библиски институти и теолошки факултети од Германија и пошироко. |
| М5<br>Зајакнување на соработката со другите факултети и Македонската православна црква преку надворешни предавачи на Факултетот | 50 | +10% | +10% | Остварен | Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.<br>Православниот богословски факултет од 2019-2025 редовно ангажира професори од УКИМ како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија, втор циклус теолошки науки и втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Во последните пет години во студиските програми на прв циклус на студии, предавања одржаа неколку гости предавачи од реномирани универзитети и институти:<br>- На 23.02.2024 година, на тема: „Етиката и религијата во дигиталната доба“, одржа предавање проф. д-р Бојан Жалец од Теолошкиот факултет во Љубљана. Предавањето го следеа студентите од прв циклус студии за време на наставата по предметот Философија.<br>- на 25.02.2025 вон. проф. д-р Даниела Тошева-Николовска одржа предавање на тема: „Бракот и семејната динамика во антиката“, а доц. д-р Илче Мицевски-Игнат одржа предавање на тема: „Бракот и Црквата.<br>- На 27.02.2025 Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Факултетот за исламски науки и Славјанскиот универзитет, организира панел дискусија насловена „Младост, ум и депресија“ – предавачи д-р Анета Јовковска, м-р Арбер Кадриу и д-р Ана Чучкова.<br>- На 03.03.2025 година Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје беше домаќин на предавањето на д-р Бетан Вилис, една од учесничките на програмата „Конекција Оксфорд“.<br>- На 27.03.2025 година, на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, во рамките на наставата по предметот Вовед во Светото писмо на Стариот завет, беше одржано предавање од страна на г. Храјр Џебиџијан, генералниот секретар на Библиското здружение при Персиско-арабискиот Залив<br>- На 28.03.2025 година, на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, студентите од трета година, во рамките на наставата по предметот Историја на религиите, присуствуваа на предавања посветени на темата Ислам. Гости предавачи беа г. Самет Шабани и г-ѓа Мерсиха Смаилович. |
| М6<br>Зголлемени активности на Студентскиот парламент во рамките на Факултетот | 50 | +10% | +10% | Остварено | Студентите на Православниот богословски факултет во Скопје активно се вклучени во процесите на управување и развој на установата. Во рамките на Факултетот функционира Студентско собрание, чиј претставник редовно учествува во работата на Наставно-научниот совет, како и во бројни комисии – меѓу кои Комисијата за квалитет на наставата, Комисијата за самоевалуација и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | други работни тела. На овој начин, студентите имаат реална можност да придонесат во донесувањето на важни одлуки и во креирањето на политиките на Факултетот.<br>Согласно Статутот на Православниот богословски факултет (член 43), членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори, со тајно гласање и мандат од една година, со можност за уште еден последователен избор. Собранието е составено од повеќе членови и претставници од секоја студиска година, обезбедувајќи рамноправна застапеност на студентите од сите насоки.<br>Во согласност со член 49 од Статутот, Студентското собрание избира и заменик-студентски правобранител со мандат од две години, чија улога е да ги штити правата и интересите на студентите во рамки на институцијата.<br>Православниот богословски факултет во Скопје целосно ги поддржува општествените, културните и спортските иницијативи на своите студенти, овозможувајќи им соодветни простории, логистичка помош и финансиска поддршка за реализација на вакви активности. |
| М7<br>Активна соработка на наставниот кадар со студентите во реализација на научно-истражувачки проекти | 10 | +1% | +1% | Не е остварен | Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.<br>Факултетот треба да работи на мотивирање на студентите и од вториот циклус за учество во научни ангажмани. Стратегијата на Факултетот, во иднина, предвидува ангажмани на студенти од втор и трет циклус студии во соодветни научноистражувачки проекти. Во извештајниот период, на Православниот богословски факултет нема студенти кои биле вклучени во научно-истражувачки проекти. Најголема причина за тоа е што Факултетот немаше акредитирана програма за трет циклус, а докторанти би биле најмногу мотивирани за вакви научни активности. Сепак, Факултетот треба да работи на мотивирање на студентите и од вториот циклус за учество во научни ангажмани. Стратегијата на Факултетот, во иднина, предвидува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ангажмани на студенти од втор и трет циклус студии во соодветни научноистражувачки проекти. |
| М8<br>Целосна имплементација на Iknow и Ilearn софтверот за администрација и настава<br>Надградување на Iknow 2 во административниот дел на студентска служба | 50 | +10%<br>+5% | +10%<br>+5% | Остварено<br>(Iknow 2) делумно остварено | Во согласност со наведените прописи на Православниот богословски факултет во Скопје се води студентско досие каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на дипломирање, односно магистрирање.<br>Воспоставениот електронски систем на евиденција – I-know на УКИМ овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на Факултетот, така и од страна на секој поединечен студент. Во овој систем секој вработен на Факултетот во наставната и стручно-административната дејност и секој регистриран студент, по безбедносна автентикација, може да пристапи до информации за своите активности и напредокот во текот на студентскиот процес, согласно утврдените правила за пристап во системот и привилегиите кои му се дадени. Системот се ажурира во реално време.<br>Студентите на Православниот богословски факултет во Скопје го користат I-know системот согласно Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси I-know, објавено на веб страната на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Освен тоа, од страна на УКИМ обезбедено е и Корисничко упатство за професори. Факултетот ја користи и I-learn платформата на УКИМ за спроведување на наставата.<br>Системот IKnow 2 – платформа во моментот е во процес на имплементација на нашиот факултет, со цел унапредување на административните и наставните процеси. |
| М9 дигитализација и модернизација на административното работење – електронски систем за административна работа на училиштата и електронски дневник | 50 | +10% | +10% | Не е остварено<br>(во процес на остварување) | Во рамките на процесот на дигитализација и модернизација на административното и наставното работење, на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје се реализира имплементација на електронски систем за административна работа на училиштата и електронски дневник, со што се овозможува поголема ефикасност, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | точност и транспарентност во водењето на административните евиденции, како и систематизирано и современо следење на наставниот процес. Ваквото усовршување претставува значаен чекор кон дигитална трансформација на Факултетот, која директно придонесува за подобри услови за работа и поквалитетна организација на академската средина. |
| М10<br>Усогласување на Статутот на Факултетот согласно државните закони | 50 | +10% | +10% | Остварено | Утврдените активности поврзани со научноистражувачката работа во Статутот на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Православниот богословски факултет во Скопје кореспондираат со насоките од Законот за научноистражувачка дејност.<br>Студентскиот информациски систем iKnow2 на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е во процес на техничка надградба и ажурирање, со цел да се обезбеди поефикасно и поинтерактивно управување со податоците за студентите, наставниот процес и административните услуги. Оваа надградба ќе овозможи подобрена функционалност, поголема брзина на пристап до информации и усовршени алатки за комуникација меѓу студентите и професорите. Со новиот систем, факултетот ќе обезбеди современа и интегрирана дигитална поддршка за академските и административните процеси. |
| М11<br>Усогласување на факултетските акти согласно државните закони | 50 | +10% | +10% | Остварено | Програмата за работа на Факултетот ги зема предвид сите воочени досегашни предности и слабости на Православниот богословски факултет во Скопје, како можностите и заканите со кој тој се соочува, а се резултат на неговото надворешно опкружување. Во спроведувањето на програмата на Факултетот фокусот е на шест аспекти: научно-истражувачка и наставнообразовна дејност, вклученост на студентите во активностите поврзани со академската заедница, користење на нови технологии во наставно-образовната дејност, усогласување на актите на Факултетот со државните закони кои ја покриваат дејноста на Факултетот, финансиска стабилност и инвестиции и меѓународна соработка. Во реализацијата на секоја аспект се применуваат начелата на транспарентност, парцитипативност и инклузивност.<br><br>Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, денес функционира согласно Законот за високообразовни установи на верските заедници со статус на приватно-јавна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | непрофитна високо-образовна установа и придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ЗВУВЗ член 41, „Службен весник на Република Македонија“ бр.81/08, Законот за високо образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, Статут на УКИМ, член број 58).<br>Сите студиски програми на Православниот богословски факултет во Скопје се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Р. С. Македонија.<br>Сите студиски програми на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“- Скопје на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Р. С. Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование |
| М12<br>Финансиската стабилност на Факултетот | 50 | +10% | +10% | Остварено | Активностите кои ги спроведува Православниот богословски факултет во Скопје се финансираат дел од Македонската православна црква, дел од Министерството за образование и дел од сопствени приходи, односно надоместоците за извршени услуги на студентите.<br>Финансирањето на научно-истражувачката дејност е секогаш предвидена со годишниот финансиски план на Факултетот согласно буџетот за истата година.<br>Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. |
| М13<br>Инвестиции во нови технологии | 50 | +10% | +10% | Остварено | Библиотеката на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е снабдена со 4 статични компјутери и еден лаптоп, со што значително се подобруваат условите за работа, пребарување и обработка на литературата. Новата опрема овозможува побрз и поефикасен пристап до електронски бази на податоци и полесно користење на библиотечниот систем, придонесувајќи за зголемен квалитет на библиотечните услуги кон студентите и наставниот кадар.<br>Свечената сала на Православниот богословски факултет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | „Свети Климент Охридски“ – Скопје е професионално адаптирана за одржување на конференциски денови и други официјални настани. Салата е опремена со висококвалитетни кондензаторски микрофони, звучни системи и технички средства за презентации, овозможувајќи јасна и професионална аудиовизуелна комуникација за сите учесници. Оваа инфраструктура ја поддржува успешната организација на академски конференции, симпозиуми и свечени настани, обезбедувајќи функционален и комфорен простор за размена на знаење и дискусии. |
| М14<br>Имплементирање на COBISS Cat/ COBISS Lib | 50 | +10 | +10 | Остварено | На Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје е имплементиран системот КОБИС, кој претставува организациски и технолошки модел за интеграција на библиотеките во единствен библиотечно-информациски систем. Со неговото користење преку COBISS Cat и COBISS Lib се овозможува заедничка каталогизација, централизирана обработка на библиотечниот материјал и ефикасно водење на процесот на позајмување. На тој начин, библиотеката на факултетот се вклучува во поширокиот информативен мрежен систем, обезбедувајќи стандардизација, рационализација на работата и подобрена достапност на информации за студентите и наставниот кадар.<br>За правилно и стручко работење со системот, библиотекарот на факултетот посетил соодветен курс за работа со COBISS, со што е обезбедена професионална поддршка за библиотечните услуги и континуирана стручна подготвеност. |
| М15<br>Соработка со Богословскиот факултет во Белград | 50 | +10% | +10% | Остварено | Православниот богословски факултет во Скопје е во постојана коресподенција со Православниот богословски факултет во Белград и во тек се договори за меѓусебни предавања и соработки, исто така и за учество на свечености, јубилеи и симпозиуми.<br>Професори од Православниот богословски факултет во Скопје за прв пат се дел од комисиите на трет циклус на студии со коменторства и членови на одбрана на докторски трудови. |
| М16<br>Соработка со Богословскиот факултет во Љубљана | 50 | +10% | +10% | Остварено | Православниот богословски факултет во Скопје овозможи предавање на проф. д-р Бојан Жалец од Теолошкиот факултет во Љубљана. Исто така професори од Православниот богословски факултет во Скопје се поканети и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во постојана коресподенција за симпозиуми и научни колоквиуми од Богословскиот факултет во Љубљана. |
| M17<br>Соработка со Римокатоличкиот факултет од Регенсбург / Германија | 50 | +10% | +10% | Остварено | Соработката со Римокатоличкиот факултет од Регенсбург / Германија е од особена важност за Православниот богословски факултет во Скопје, бидејќи беше остварена посета од реномирани професори во Скопје и Охрид и е договорена меѓународна научна конференција за 2026 год., во Скопје и Охрид. Како резултата на посетата на професорите од Германија беше овозможена уште една соработка со источно-црковниот институт од Регенсбург и при тоа беше договорена и воедно реализирана научна конференција (научен колоквиум) во Охрид, на кој зема учество професори од Германија, Словенија, Грција, Србија, Бугарија и Италија. |
| M18<br>Меѓународна соработка со други високо-образовни институции и државни институции | 50 | +10% | +10% | Остварено | Особено значајна е соработката со источно-црковниот институт во Регенсбург/Германија за взаемна соработка и реализирање на научен колоквиум со тенденција за реализирање на истиот колоквиум секоја година во Скопје. Како резултата на ова соработка Православниот богословски факултет во Скопје доби можност да учествува во една од пореномираните издавачки центри во Регенсбург и да биде дел од тимот за меѓународна соработка со други факултети.<br>Православниот богословски факултет во Скопје одржува соработка со центарот за византиологија од<br>Соработката на Православниот богословски факултет во Скопје соработува со Православниот богословски факултет во Софија.<br>Соработката на Православниот богословски факултет во Скопје соработува со Универзитетскиот Колеџ во Стокхолм.<br>Православниот богословски факултет во Скопје соработува со Православениот институт Патријарх Атенагора во Калифорнијаи и Палмер теолошка семинарија во Пенсилванија.<br>Православниот богословски факултет во Скопје до сега има склучено договори за меѓународна соработка со неколку високо-образовни институции:<br>1. Договор за соработка со Православната духовна академија во Санкт-Петербург<br>2. Договор за соработка со Православната духовна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | академија во Москва<br>3. Договор за соработка со Католичкиот теолошки универзитет во Загреб<br><br>Секоја година, во соработка со Институтот за национална историја од Скопје е коорганизатор на меѓународната научна конференција Денови на Јустинијан I.<br>Меѓусебната соработка на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, со Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи (КОВЗРГ – Скопје).<br>Во периодот од 9 до 11 март 2025 година, делегација од Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје ја посети Католичката богословска факултет при Загрепскиот универзитет, по повод прославата на денот на факултетот, одржана на 10 март 2025 година. Оваа посета претставуваше значаен чекор кон унапредување на меѓуфакултетската соработка и зајакнување на академските врски.Професори и студенти од Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје беа дел од учесниците на Националниот форум „Религија и онлајн предизвици“, организиран во рамките на проектот „DELETE“ и поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и организацијата „Хоризон Цивитас“. Настанот кој се одржа на 12.02.2025 година во Скопје, беше обемна платформа за јавна дискусија.<br>На 08.10.2023 година, на Православниот богословски факултет во Скопје, се одржа средба помеѓу деканот на Православниот богословски факултет и деканот на Факултетот за музичка уметност. Целта на оваа средба беше да се разговара за продлабочување на соработката помеѓу двете високообразовни институции. |
| М19<br>Програмата Еразмус+ | 50 | +5 | +5 | не е остварен | Факултетот се уште нема потпишано договор за меѓународна соработка преку програмата Еразмус+ преку УКИМ. Образложението за тоа од страна на Универзитетот е дека, како придружна членка на Универзитетот, Православниот богословски факултет треба независно да аплицира за чартер и мобилности. По овие насоки, Факултетот ја подготви соодветната документација и поднесе апликација до |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | содветниот рок (јануари 2025 г.), при тоа се уште нема одговор, а во апликативниот дел е потврдено само како деклариран. |
| М20<br>Учества на Меѓународни и домашни конференции | 50 | +10 | +10<br>+20 | остварено | Од 20-23.10.2024 Православниот богословски факултет при Прешовскиот универзитет во Прешов, Р. Словачка се одржа меѓународна научна конференција на тема „Византискиот хуманизам во контекстот на современите хуманизми“.<br>На 22.05.2025 во организација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ и Институтот за национална историја, свечено се одржаа Вторите Кирило-Методиеви научни средби.<br>На 06.12.2024 беше одржан осми Светиклиментов научен собир на тема: Мирот Божји и мирот човечки. Мир ви оставам; мирот Свој ви го давам; Јас ви го давам не како што го дава светот. Да не се плаши срцето ваше, ниту да се бои (Јован 14,27).<br>Од 20-23.10.2024 г. во организација на Православниот богословски факултет при Прешовскиот универзитет во Прешов, Р. Словачка се одржа меѓународна научна конференција на тема „Византискиот хуманизам во контекстот на современите хуманизми“.<br>XII Меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии „Денови на Јустинијан I“се одржа од 1 до 03.11.2024 година во Скопје. Симпозиумот беше организиран од страна на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во коорганизација со Универзитетот во Болоња и Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје.<br>16-18.06.2024 година, Православниот Богословски Факултет „Свети Василиј Острошки“ во Фоча при Универзитетот во Источно Сараево, меѓународниот научен собир „ΖΩΟΝ ΠΟΛΙΤΙΚΟΝ – ΖΩΟΝ ΘΕΟΥΜΕΝΟΝ. Човекот, општеството и Црквата во 21. век“.<br>25-27.11.2024 Вилнус, Литванија, научен собир како дел од меѓународниот научен проект: CA21143 - Transnational Family Dynamics in Europe (TraFaDy).<br>1-3.11.2024, Скопје – XII International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I"<br>20-22.09.2024 Загреб, Хрватска, International Academic Conference: "Feminist Theology: Thought and Practice in Central and Eastern European Contexts" |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 26.06.2025 и 07.08.2025 – научни собири како дел од меѓународниот научен проект: CA23120 - Religious Identity, Bullying and Wellbeing at School: A Transnational Collaboration (ORBIT).<br>24-26.10.2024 – "Digitalization and AI as Challenges for Ethics and Religion" (conference), Celje (Slovenia).<br>26-28.12.2024 – Orthodoxes Winterseminar, München.<br>18.03.2025 – Конференция в чест на проф. д.ф.н. Георги Каприев, София.<br>07-10.04.2025 – A Dialogue for Unity and Peace: Remembering the Past, Shaping the Future” (conference), Skopje.<br>27-30-04.2025 – "Maximus Confessor and the Mystery of Divine Revelation" (conference), Belgrade.<br>30-31 мај 2024 г. Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, Институт за македонски јазик Крсте Мисирков“- Скопје – „Семантичката историја на изразот ипостас (антично-христијанкски контексти)“ Денови на Благоја Корубин, Меѓународен научен собир, „Македонскиот јазик во светлината на семантичките проучувања“, Делчево.<br>15-16 мај 2025 г. Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, Институт за македонски јазик Крсте Мисирков“ – „Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи)“.<br>30.10.2024 г. „Секуларизираната религиозност и меѓурелигискиот дијалог“, Межународна научна конференција, *Меѓуверскиот дијалог на Балканот*, Институт за духовно и културно наследство на Албаниците – Скопје.<br>30.10.2024 – Меѓународна научна конференција, „Балканологија 7“, Скопје.<br>11-13.10.2024 – 230 година Карловачке богословије, Сремски Карловци.<br>21-22.10.2024 – Byzantine Humanism in the context of contemporary humanisms, Прешов.<br>05-06.12.2024 – 130 година од рођења, 45 година од упокојења и 10 година од преноса моштију Преподобног оца нашег Јустина Ћелијског, Белград.<br>07-10.05.2025 – International Scientific Conference CONCILIARITY AND THE CONTEMPORARY CHALLENGES OF THE CHURCH On the occasion of the 1700th anniversary of the First Ecumenical Council, Струга. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 15-18.05.2025 – Maximos the Confessor - the author, his work and its reception in the past and present, Сибиу.<br>07-10.07.2025 – Архиепископот Прохор и Слепченскиот книжевен центар, манастир „Св. Јован Претеча“, Слепче.<br>22.11.2024 Научен собир: „Die Ferne der Nähe“, претставување на македонската книжевност објавена во австриското книежвно списание „Лихтунген“ на Виенскиот книжевен саем и фестивал (Buch Wien), Виена, Австрија.<br>26-18.11.2024 Конференција: CHANGE Transnational Network to Prevent, Address and Reverse Gender Backsliding, Warsaw, Poland<br>02.12.2024 Вебинар: Resilience and Safety of Women Online, Online webinar by ODIHR, CHANGE project (16 Days of Activism campaign), Warsaw, Poland<br>07.12.2024 Меѓународна конференција: „Sculpting the Future to Build the Present: American Culture and Democracy“, Московски државен универзитет „Ломоносов“, Москва, Русија.<br>17.12.2024 Научен собир: „За Џојс и преведувањето“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје<br>17.04.2025 Научен собир: „Das Michaelsfenster“, катедрала „Свети Стефан“ (црковен план од 14 век).<br>25.07.2025 Научен собир со Државниот секретар за надворешна култура на Австрија, Универзитет „Моцартеум“, Салзбург, Австрија<br>26.07.2025 Симпозиум: „Демократијата и музичкиот фестивал“ со Ен Еплбаум на „Салзбург Фестивал“, Салзбург, Австрија. |
| М 21<br>Организирање на научна Конференција | 50 | +10 | +10 | остварено | Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје во соработка со источно црковниот институт од Германија (The Institute for Eastern Churches of the Diocese of Regensburg) реализираа научен колоквиум од 05-09.06.2024 год.. На научниот колоквиум земаа учество деветнаесет професори од Македонија, Словенија, Италија, Германија и Грција.<br>Организирање на VII / VIII – Светиклиментов научен собир, 2024/2025 г. Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“– Скопје.<br>Во организација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ и Институтот за национална историја (ИНИ), организираат веќе две години по ред Кирило-Методиеви научни средби (досега |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | одржани две научни средби 2024/2025).<br>7-10.05.2025 – Меѓународна научна конференција, „Соборноста и современите предизвици за Црквата“, Струга.<br>Во рамките на плановите за 2026 година, Eastern European Liaison Committee (EELC), во соработка со Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, има за цел да ја подготви наредната конференција, продолжувајќи ја својата мисија за зајакнување на врските меѓу библиските научници од Источна и Западна Европа и поттикнување плоден дијалог и заеднички истражувачки иницијативи. |
| М 22<br>Меѓурелигиски часови и соработка | 50 | +10 | +10 | остварено | На 13.05.2025 година, во рамките на програмата за меѓурелигиска соработка, беше одржан меѓурелигиски час на тема „Практична теологија и педагогија на религијата“, наменет за студентите од Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје и студентите од Факултетот за исламски науки – Скопје.<br>На 26.11.2024 година, во Скопје се одржа меѓурелигиски настан под наслов „Значењето на Светите книги во градењето соживот“. Организиран од Фондацијата Конрад Аденауер, во соработка со Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ и Факултетот за Исламски науки од Скопје.<br>На 17-20.06.2024 година, како резултат на соработката со Фондацијата Конрад Аденауер, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“, Скопје ги поддржа активностите на регионалната летна школа – Општеството и религијата: етничките групи, идентитетот и национализмот, која се одржа во Скопје. Претставници од повеќе држави од Балканот (Србија, Грција, Босна, Црна Гора, Хрватска и др.)<br>На 17.05.2023 година, Фондацијата Конрад Аденауер, во соработка со Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје и Факултетот за исламски науки од Скопје, го организираше настанот „Меѓурелигиска училница“. На овој настан учествуваа студентите од теолошките факултети и други заинтересирани граѓани, со цел да се поттикне значајна размена на идеи и искуства.<br>Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје беше официјално поканет да присуствува на свечената церемонија на доделување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | дипломи на Факултетот за исламски науки – Скопје. Професори од Православниот богословски факултет воспоставија соработка со Евангелско-методистичката црква, која се реализира преку одржување предавања и академски активности од заемен интерес. |
| М 23<br>Учество на студенти од Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје на меѓународни теолошки летни школи и учество на национални форуми | 50 | +10 | +10 | остварено | Во контекст на меѓународната соработка и афирмацијата на студентскиот активизам, студенти од Православниот богословски факултет во Скопје учествуваа на престижните Медитерански теолошки средби, одржани од 13 до 19 јули 2025 година во Ловран, Хрватска, под наслов *„Од догма до дијалог: Теологијата пред современите предизвици“* (*From Dogma to Dialogue: Theology and Contemporary Challenges*). Овој форум претставува еден од најзначајните меѓурелигиски и меѓухристијански собири во регионот, овозможувајќи размена на идеи, искуства и перспективи меѓу младите теолози и истакнати академски личности од целиот свет.<br>Во Охрид, од 8-11.07.2025 се одржа регионална летна школа на тема: „Општество и религија: Етнички групи, идентитет и национализам“. Школата беше наменета за млади интелектуалци и идни лидери од Југоисточна Европа, а во организација на Фондацијата Конрад Аденауер во партнерство со „Wilfried Martens Centre for European Studies“. |

| **Главни заклучоци на Извештајот** |
|---|
| ⇒ Акциониот план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје претставува операционализација на целите содржани во Стратешкиот план, односно Програмата за работа на деканот на Факултетот во период од 2023 до 2026 година. Истовремено тој претставува континуитет на активностите за јакнење и развој на интегративните функции на Факултетот во најзначајните сегменти на неговото дејствување.<br>⇒ Планираните активности се за унапредување на наставно-образовната дејност на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.<br>⇒ Акциониот план овозможи реакредитација на студиските програми и компатибилност со студиските програми на други богословски факултети особено во делови поистоветување со европските теолошки академии.<br>⇒ Зголемување на бројот на наставниот кадар. |

- ⇒ Инвестирање во осовременување на просториите и техничките средства.
- ⇒ Значајно зголемување на библиотеката и библиотечниот фонд/ набавака на стручна литература и овозможување на определен број електронска форма на стручната литература.
- ⇒ Формирање на стручни комисии за реализација на студиските програми и орагнизација и имплементирање на софтверот Iknow и Ilearn (Iknow 2), исто така и обука за административниот дел за софтверот.
- ⇒ Воведување на електронски систем за административна работа на училиштата и електронски дневник
- ⇒ Овозможување на поголема и континуирана активност на студентското собрание и негов ангажман во делувањето на факултетот, како и во соработка со студентите од другите факултети.
- ⇒ Измени на Статутот на Факултетот согласно државните закони и прилагодување со Статутот на УКИМ.
- ⇒ Ревизија на факултетските акти во согласност со законите на државата.
- ⇒ Финансиска стабилност на Факултетот.
- ⇒ Реинсталација и обновување на интернат мрежата, современа ИТ опрема и оспособување на конференциска сала.
- ⇒ Овозможување на соработка со реномирани факултети од земјата и странство (Европа).
- ⇒ Овозможена размена на студенти и предавања на реномирани професори на Факултетот.
- ⇒ Реализирање и подготовка на интеркултурна соработка и меѓународни проекти.
- ⇒ Отворена соработка со Конрад Аденауер организацијата во Скопје и овозможени меѓурелигиски часови и предавања (особено со факултетот за исламски науки од Скопје).
- ⇒ Соработка на Православниот богословски факултет со факултетот за исламски науки од Скопје.
- ⇒ Издаваштво на зборник на трудови како за годишни зборници така и за трудови од меѓународните конференции подготвени и реализирани од страна на Православниот богословски факултет од Скопје.

**Препораки**

- ⇒ Унапредувањето на меѓународната соработка претставува приоритет во развојот на Православниот богословски факултет.
- ⇒ Активностите кои Факултетот ги реализира во доменот на меѓународната соработка и интернационализација – соработка со реномирани Теолошки факултети.
- ⇒ Унапредување на академскиот квалитет и развој на научната размена – академски
- ⇒ Подршка на студентската мобилност и учество во меѓународни образовни програми.
- ⇒ Афирмација на заеднички истражувачки проекти и издавачки иницијативи.
- ⇒ Настојување да се зголеми бројот на Договори за соработка со други факултети.
- ⇒ Настојување да се потпише договор за меѓународна соработка преку програмата Ерзамус+ и овозможување на поголема мобилност како на наставно-научниот кадар, така и на студентите на Факултетот – (Зголемување на учеството во европски програми за високо образование (Еразмус+, CEEPUS и други).
- ⇒ Креирање програми за двојни дипломи или заеднички истражувачки проекти.

- ⇒ Овозможување и достапност на професори од реномирани европски факултети да имаат можност за поголем број на предавања на Факултетот, како и учество и членство во комисии за изработка на магистерски и докторски трудови.
- ⇒ Одржување на постојаност во теоретски и методолошки квалификуван наставно-научен кадар на Факултетот за подобра образовна дејност и практика на научни истражувања и проекти.
- ⇒ Одржување на компатибилни студиски програми и нивно приближување и компатибилност со студиските програми од реномирани европски и светски теолошки факултети – Подигање на дигиталната инфраструктура и промоција преку меѓународни академски платформи.